***ПРВА ДЕТСКА АМБАСАДА ВО СВЕТОТ – МЕЃАШИ***
***РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА***

Адреса: ул. "Коста Новаковиќ" бр. 22 а, Скопје
Тел: (02) 2465-316; Тел/Факс: (02) 2463-900
info@childrensembassy.org.mk; www.childrensembassy.org.mk

***Информатор бр. 19***
*Декември 2004 – Март 2005*

**Во овој број:**

1. **ИЗБРАНО НОВО ДЕТЕ АМБАСАДОР**
2. **ДОНАЦИИ**
3. **ПРОМОЦИЈА НА КНИГА ЗА ДЕТСКИТЕ ПРАВА**
4. **НАСТАНИ**
5. **СЛУЧАИ НА КРШЕЊЕ НА ДЕТСКИТЕ ПРАВА**
6. **КОНФЕРЕНЦИЈА**
7. **СОС ТЕЛЕФОН ЗА ДЕЦА И МЛАДИ**
8. **ПРИФАТИЛИШТЕ ЗА ДЕЦА ВО КРИЗНА СОСТОЈБА**
9. **КОНСОЛИДАЦИЈА И РАЗВОЈ НА ПДАС – МЕЃАШИ**
10. **ДЕТСКИ РАБОТИЛНИЦИ**

## 1. ИЗБРАНО НОВО ДЕТЕ АМБАСАДОР

Првата детска амбасада во светот - Меѓаши, Република Македонија, на вчерашната седница на Колегиумот донесе одлука за номинација на Стефан Плескоњиќ за Дете Амбасадор во наредните четири години. Стефан е познат светски уметник со многу награди и признанија. Тој во наредниот период ќе ја застапува и шири идејата и ќе ги промовира нејзините активностите.

За оваа пригода Првата детска амбасада во светот, на Стефан како Дете Амбасадор ќе му врачи и дипломатски пасош.

## 2. ДОНАЦИИ

По повод Новогодишните празници, пакетчињата и честитките што беа подарени беа причина повеќе да се зголеми радоста и задоволството кај децата во нашето прифатилиште. Ја користиме оваа можност да ја

изразиме благодарноста за посветеното внимание до: *КЈУБИ Македонија, Генел дооел, Окта, ПЕКСИМ, Ф-ша за чоколади и вафли "Еврота"* кои обезбедија новогодишни пакетчиња за децата, благодарност до Јана Велинова – *Видео Дата* која на едно од внатрешно раселените семејства им подари телевизор и видео.

Амбасадата Меѓаши во рамките на своите активности им помогна на шест социјално загрозени семејства и семејства во нашето прифатилиште. По тој повод изразуваме благодарност до донаторите: *Рудине* – Скопје (конзервирана храна); Млекара *Здравје Радово* – Струмица (сирење); Мелница *Кадино* – Скопје (брашно); *Гица* – Охрид (јајца); *Пилко* – Скопје (пилиња); *Агрипром* – Куманово (јајца); *Екстра Меин* – Куманово (сувомеснати производи); *Брилијант* – Штип (масло за јадење); *Випро* – Гевгелија (конзервирани производи); *Харт – Пром* – Скопје (тоалетна хартија и прашок за перење); *Конимекс Холдинг Компанија* – Скопје (чаеви, оцет); *Миле Маркет* – Скопје (макарони, чаеви); *Витаминка* – Прилеп (прехрамбени производи); *Лаура Козметикс* – Скопје (хигиенски производи); *Енерго Маркет* – Скопје (прехрамбени производи); *Агрипро* – Валандово (јајца); *Подравка* – Скопје (супи, мајонез, детска храна); *Даути Комерц* – Скопје (макарони, шампони, детска храна); *Сентис* – Џепчиште – Тетово (сирење); *Боста* – Скопје (млеко, кошули); *Метро* – Скопје (паштети, сардина); *Вива* – Скопје (сокови); *Римес* – Скопје (сувомеснати производи); *Алкалоид* – Скопје (хигиенски средства); *Теха* – Тетово (тоалетна хартија); *Ино Спектар* – Скопје (сокови); *Дрога* – Скопје (кафе, паштети); *Еуромилк* – Скопје (кондиторски производи); *Ал Макс* – Струмица (масло за јадење); *Екошар* – Тетово (сирење); *Малами* – Скопје (млеко); *Далас Сара* ; *Актив* – Скопје; *Жито Полог А.Д. Тетово* – Тетово (брашно); *Геопром Кругер* – Скопје (шумливи произвди); *Фруктал* – Скопје (сокови); *Етерна Кватро* – Скопје (маргарин); *С&Т* – Скопје (прашок за перење); *КВАТРО* – (млеко); ЗТПП *"Широка Планина"* – с. Мршевци (брашно); *Холид Компани* – (кондиторски производи); *Мис Глобус* – Скопје (сувомеснати производи); Ф-ка за шекер *4 Ноември А.Д. Битола* (шекер).

## 3. ПРОМОЦИЈА НА КНИГА ЗА ДЕТСКИТЕ ПРАВА

Првата детска амбасада во светот – Меѓаши континуирано се залага за унапредување на заштита на децата во Република Македонија како и ефикасно остварување на нивните права предвидени со Конвенцијата за правата на детето. Со намера да ги информира децата за нивните права, Амбасадата Меѓаши ги има отпечатено книгите: "Правата на детето" и "Моите права". Покрај информирањето на децата и младите, Амбасадата ја следи состојбата со имплементацијата на Конвенцијата за правата на

детето, реагира по основ на кршење на правата предвидени со оваа Конвенција и го информира Комитетот за правата на детето во Женева за состојбата со правата на детето во Република Македонија.

Книгата "***Заштита на правата на децата***" е преглед со состојбата на децата во Република Македонија каде авторката Милица Панева предлага одредени заклучни сугестии и препораки за подобрување на состојбата на децата во Република Македонија. Авторката Панева, е член на Колегиумот на Детската амбасадата Меѓаши, поранешен Помошник министер и поранешен советник на Министерот за труд и социјална политика. Печатењето на книгата финансиски е подржано од **World Learning.**

## *4. НАСТАНИ*

Тргнувајќи од потребата за поголем придонес на граѓанскиот сектор во побрзиот развој на Република Македонија, и неговото поголемо учество во развојот на демократските односи и остварувањето на тековните и стратешките интереси на граѓаните во Република Македонија, Првата детска амбасада во светот – Меѓаши, Здружението на даночни работници и Европскиот центар за непрофитно право организираа конференција "*Финансиската одржливост на граѓанскиот сектор – филантропија и оданочување*" на која се разгледа и спореди праксата и искуството во Република Македонија со праксата и искуството во другите земји.

Конференцијата финансиски е поддржана од: МЦНП / УСАИД Македонија, НИОК – Будимпешта, ЕЦНП – Будимпешта, Амбасадата на Република Унгарија во Македонија, Министерството за финансии на Република Македонија, Мобимак – Скопје, Центарот за институционален развој и Фондација институт отворено општество – Македонија.

Конференцијата се одржа на 27 јануари 2005 год.

## *5. СЛУЧАИ НА КРШЕЊЕ НА ДЕТСКИТЕ ПРАВА*

Согласно Статутот на Првата детска амбасада во светот – Меѓаши член 2, 3, 4 и 5 и Конвенцијата за правата на детето, која е ратификувана во законодавниот дом, во член 19 експлицитно е наведено дека државите членки ги преземаат сите законодавни, административни, социјални и образовни мерки заради заштита на детето од сите форми на физичко или ментално насилство, повреди или злоупотреби, занемарување или немарен однос, малтретирање или експлоатација, како и став 2 како и останати

форми на спречување, утврдување, пријавување, проследување, истрага, постапување и следење случаи.

❖ За малтретирањето (физичко и психичко) на Иле Василев, ученик во основното училиште “Гоце Делчев” – с. Василево, Струмица од страна на директорот на училиштето Никола Атанасовски, ПДАС – Меѓаши беше информирана од претставник од невладината организација “Роса” од Струмица и од дневниот весник “Дневник”. Амбасадата Меѓаши го извести Народниот правобранител. Непосредно пред излегување на овој билтен го контактиравме Народниот Правобранител Невенка Крушаревска од кој добивме одговор дека е покрената постапка против директорот на ова училиште, со цел да не се случуваат вакви појави во училиштата.

❖ Првата детска амбасада во светот – Меѓаши и Здружението за заштита на правата на детето, поднесоа кривична пријава до Јавното Обвинителство против сторители кои дистрибуираат и продаваат приватни аматерски порно снимки до јавноста, на кои е снимена малолетничка од едно скопско училиште.

Пријавата ја поднесовме врз основа на информациите објавени во електронските и печатените медиуми. Според весникот “Дневник” филмот во кој главни актери се шеснаесет годишна ученичка од Скопје и нејзиното момче се продава во интернет – кафулињата за 100 до 200 денари. Скандалозниот филм трае половина час и изобилува со експлицитни сексуални сцени... Во кривичната пријава ние се повикавме на Кривичниот закон, на членот 152 став 1 и 3, за неовластено снимање, како и на членот 174 став 2, за изнесување лични и семејни прилики.

Ние потенциравме дека во овој случај станува збор за грубо кршење на правото на приватност, правото на углед и на личен интегритет и ја повикавме државата да дејствува согласно на Конвенцијата за правата на детето чијшто потписник е таа. Во членот 34 од Конвенцијата е наведено дека државите членки посебно ги преземаат сите соодветни мерки за спречување на експлоататорско користење на децата во порнографски претстави и списанија. Исто така, во членот 15 од Конвенцијата се наведува дека ниедно дете не смее да биде изложено на самоволно или незаконско мешање во неговиот приватен и семен живот, како ни на незаконски напади врз неговата чест и углед. И двете организации очекуваат од Јавниот обвинител по службена должност да покрене обвинителен акт против сторителите. Од контактите со Заменикот Јавен обвинител кој го води предметот ни одговори дека го чека потребното известување во врска со настанот од МВР.

❖ За време на изборната кампања за градоначалник на град Скопје, г - динот Ристо Пенов, кандидат за градоначалник на град Скопје, на еден од своите билборди беше фотографиран со дете. ПДАС – Меѓаши реагираше преку медиумите со изјава дека: “Кандидатите за

градоначалници треба да се грижат за потребите и интересите на децата и да ги вградат во своите предизборни платформи, но не смеат да ги злоупотребуваат со тоа што ќе ги вклучат во своите видеоспотови, билборди и митинзи. Собранието на Р. Македонија ја има ратификувано Конвенцијата за заштита на детските права и поради тоа децата треба да бидат исклучени од секаква политичка злоупотреба".

По ова, Народниот правобранител Иџет Мемети апелираше до сите политички субјекти во изборната кампања да преземат мерки за заштита на децата од политички манипулации и злоупотреби.

По овие реакции се огласи изборниот штаб на кандидатот за градоначалник Ристо Пенов со изјава дека сите билборди, плакати и реклами на кои се појавуваат деца ќе бидат повлечени.

❖ Виктор Димовски, ученик во ОУ "Димо Хаџи Димов", Скопје беше жртва на физичкото насилство до страна на возрасно лице во рамките на училитето. Во врска со овој случај ПДАС – Меѓаши беше писмено информирана од страна на родителот на малолетникот Виктор, Лидија Димовска.

Меѓаши достави претставка до Народниот правобранител да бидат преземени соодветни мерки за заштита на правата на детето. Според член 9 од Законот за заштитата на децата и член 64 од Законот за основно образование забрането е физичко и психичко малтретирање на децата.

### *6. КОНФЕРЕНЦИЈА*
### *(Тренинг за ненасилна разработка на конфликти)*

Првата детска амбасада во светот – Меѓаши во рамките на проектот "***Другарување низ мултиетничка соработка во 5 мултиетнички клуба во средните училишта***", организираше тренинг за ненасилна разработка на конфликти.

На тренингот учествуваа професори од 5-те средни училишта каде што се спроведува проектот: ДСМУ Панче Караѓозов (Скопје). ДСМУ Никола Штеин (Тетово), ДСУ Никола Карев (Скопје), ДСУ Цветан Димов (Скопје), ДСУ Наце Буѓони (Куманово).

Тренингот беше наменет за професори/ки мотивирани за вклучување во активности за градење на мирот, заштитата на човековите права, правата на малцинствата, еднаквост помеѓу половите, работа со деца и младинци, поврзување на различни нациналности и етнички групи и организации, како и зацврстување на нивното меѓусебно разбирање и доверба.

На тренингот се обработуваа следниве теми: поим за насилство и ненасилство, предрасуди, разбирање на конфликти, ненасилна

комуникација, идентитети / национални идентитети, тимска работа, улогата на родот и полот во општеството, моќ, градење на мирот.

Тренерскиот тим го сочинуваа следниве тренери: Гордана Пирковска – Змијанац (ПДАС – Меѓаши – Скопје), Блерим Јашари (ЦБС Љоја – Тетово), Ана Битољану (ПДАС – Меѓаши – Скопје), Ненад Вукосављевиќ (ЦНА – Белград).

Главна цел на проектот е развивање меѓуетнички дијалог и подобрување на соработката меѓу наставниците и средношколците од различно етничко потекло и зајакнување на капацитетите на 5-те мултиетнички клуба во средни училишта.

Проектот е финансиран од Европската комисија преку програмата Европска иницијатива за демократија и човекови права.

## 7. SOS TELEFON ZA DECA I MLADI

Крајот на 2004 година и почетокот на 2005 година беа проследени со повеќе активности и промени во работата на телефонот.

***СОС телефонот за деца и млади*** стана член на CHI (Child Helpline International), а наши претставници учествуваа на регионалниот состанок на СОС линии за деца, одржан во Загреб и на интернационалната конференција на СОС телефонот за деца и млади во Холандија.

Од 03 до 05 декември во Скопје се одржа НВО саемот на кој покрај веќе постоечкиот рекламен материјал, промовиравме календарчиња и пенкала, кој потоа беа поделени низ повеќе училишта во Македонија.

На крајот од годината одржавме прес, на кој покрај тоа што ги запознавме новинарите со нашата работата и проблемите кои ги имаме, го промовиравме и прирачникот за работа на СОС телефонот, кој го подготви супервизорот Станислав Петковски.

Во новата 2005 година, работното време на телефонот е зголемено, од 8.30 до 20.00 часот. Во работата на телефонот е вклучен е уште еден член, Маја Корубин, апсолвент на психологија, која покрај работата на СОС линијата е задолжена да обезбеди одржливост на проектот.

Контактите со медиумите продолжуваат. Во изминатиот период беа дадени 9 интервјуа за различни пишани и електронски медиуми: радио Слободна Европа, Македонско радио, Вест, Дневник, Утрински Весник, Поглед и Вечер.

Проектот е финансиран до крајот на април, од страна на BCYF (Балканска фондација за деца и млади). Во моментов сме во потрага по финансиер со помош на кој би се продолжила работата на СОС телефонот на деца и млади.

Подоле можете да прочитате еден од повиците кој го имавме во изминатиов период на СОС телефонот за деца и млади, како и понудената помош од наша страна. 16 годишна девојка од Скопје потресена од насилството кое се врши во нејзинот дом побара помош од нас. *Јавувачката и нејзиниот брат живеат со таткото но постојано се и физички и псхички малтретирани од него (тој постојано им вика, се заканува, и ги удира). Мајката е немилосрдно протерана од домот од страна на својот сопруг. Таа се чуствува безпомошно. Децата сакаат да живеат со мајката, затоа што теророт што им го нанесува таткото е неподнослив. Се договоривме мајка им да се јави во Центарот за заштита на правата на детето, да се информираат која е постапката за добивање на старателство врз нив (од страна на мајката), а во меѓувреме да не влегуваат во караница со таткото. По неколку дена имавме уште еден повик од истата личност, но сега со цел да не информира за текот на настаните и дека е преземена постапката во Центарот за заштита на правата на детето.*

## 8. ПРИФАТИЛИШТЕ ЗА ДЕЦА ВО КРИЗНА СОСТОЈБА

***"Поминаа 3,5 години од престојот во Првата детска амбасада во светот – Меѓаши. И покрај лошите спомени, овде го поминувме времето со задоволство и среќа. Разните активности ни помагаат да ги заборавиме лошите моменти од нашиот живот. Овде ни се отворија многу врати кои не водат кон иднината. Хуманоста што ни ја дадоа луѓето не поттикна да станеме хумнани личности во иднина.***

***И покрај тоа, им должиме многу на тетка Горде и чичко Драги кои сите овие години ни беа како втори родиели".*** – ни изјавија Ивана и Санела, тринаесет годишните (13 год.) девојчињата од нашето прифатилиште.

Упатуваме благодарност до Министерството за труд и социјална политика кои ги обезбедуваат неопходните финансиски ресурси за семејствата.

## 9. КОНСОЛИДАЦИЈА И РАЗВОЈ НА ПДАС - МЕЃАШИ

Со програмата се предвидува зајакнување на организациското работење со обезбедување човечки и материјални ресурси, огласување на независното ревизорско мислење во дневниот печат како и печатење на годишните описни и финансиски извештаи заедно со независното ревизорско мислење.

Им посакуваме добредојде на Татјана Палчевска – сметководителка и на Емилија Милевска – програм асистентка кои се вклучија во активностите на ПДАС – Меѓаши, и благодарение на нивната работа подготовката на финансискиот извештај, наменет за ревизија беше брзо и успешно завршен.

Кон тимот на ПДАС – Меѓаши се приклучи уште една колешка Јасминка Божиновска – раководителка на канцеларија.

Оваа програма финансиски е поддржана од Македонскиот центар за меѓународна соработка.

## 10. ДЕТСКИ РАБОТИЛНИЦИ

Во рамките на овој проект се одржуваат работилници по: англиски, француски јазик, компјутерско образование, едукација по човекови вредности, ликовно, журналистика и оригами, и тоа секој работен ден од 16.00 до 20.30 часот. Групите се состојат од деца на возраст од 4 до 14 години, а секоја група е сочинета од 10 – 12 деца.

Еден вид на олеснителна околност е дека децата кои примаат социјална помош, можат да станат наши членови без надокнада, само со приложување на чекот за социјална помош. За сите останати членарината е симболична: 250,00 денари годишно.

Ваков вид на неформално образование поттикна интерес во пишаните и електронските медиумите, за кои, беа дадени интервјуа и тоа за дневните весници Вечер и Вест, и на Македонско радио. Преку овие медиуми пошироката јавност се запозна повеќе со работата на нашите работилници.

Реализирањето на проектот заклучно со февруари оваа година беше овозможено од сопствени средства на ПДАС – Меѓаши, од март до јуни детските работилници ќе бидат поддржани од Австарлиската амбасада во Белград. Во иднина се надеваме да обезбедиме друг финансиер кој ќе ни овозможи скромна ужинка за децата кои ги посетуваат работилниците при нашата амбасадата.

Бројот на децата кои ги посетуваат работилниците изнесува 110. Тие се одржуваат еднаш неделно со времетраење од 90 минути. Оваа година како резултат на големата посетеност и заинтересираност, работилниците се изведуваат во три термини од 16:00 до 17:30, од 17:30 до 19:00, како и од 19:00 до 20:30 часот. Детските работилници се координирани од Тамара Радуловиќ - Јовановска.

До следниот број
Срдечен поздрав,

од тимот на
***Прваta детска амбасада во светот - Меѓаши***
**Република Македонија**